# ЗАКОН ЗА БИОГОРИВА

**- НАЦРТ-ВЕРЗИЈА -**

**ЗАКОН ЗА БИОГОРИВА ВО ТРАНСПОРТОТ**[1]

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат:

1) политиката за поттикнување на производството и потрошувачката на биогорива во транспорт;
2) програмите и плановите за поттикнување на производството и потрошувачката на биогорива во транспортот;
3) критериумите за одржливост за производство и пласирање на пазар на биогоривата во транспорт;
4) мерките за поддршка на производството и потрошувачката на биогоривата во транспортот;
5) обврските за пласирање на биогорива за транспорт на пазарот во Република Северна Македонија; и
6) други прашања кои се од значење и интерес за биогоривата во Република Северна Македонија.

**Цели**

**Член 2**

Целта на овој закон е:

1) зголемување на производство и потрошувачката на биогоривата во транспортот;
2) обезбедување на соодветни мерки за поддршка за постигнување на националната задолжителна цел за учеството на енергија од обновливи извори што се користи во транспортот;
3) задоволување на потребите на потрошувачите на гориво за транспорт;
4) подобрување на сигурноста во снабдувањето со гориво на одржлив начин; и
5) исполнување на обврските на Република Северна Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.

---

Во законот во согласност со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. D/2011/02/MC-EnC се транспонираат:

- Директивата 2009/28/ЕЗ за промоција на користењето на енергија од обновливи извори
- Директивата 2018/2001 за промоција на користењето на енергија од обновливи извори
- Директивата 2015/1513 за менување на директивата 98/70/ЕЗ за квалитетот на бензинските и дизел горива и за измена на_Директивата 2009/28/ЕЗ за промоција на користењето на енергија од обновливи извори

**Дефиниции**

**Член 3**

(1) За целите на овој закон, изразите употребени овде го имаат следново значење:

1) ***„биогориво“*** е течно или гасно гориво кое е добиено од биомаса и се користи за транспорт;

*2)* ***„биомаса“*** е биоразградувачкиот дел на продукти, отпад и остатоци од земјоделски (растителни и животински) супстанции, шумски и други индустрии, како и биоразградувачкиот дел на индустриските и комуналните отпади;

3) „***биогас***" е гасно гориво произведено од биомаса и/или од биоразградливиот дел на отпадот;

4) „***биоводород***" е водород произведен од биомаса и/или биоразградливиот дел од отпадот, кој се користи како биогориво;

5) „***синтетички биогорива***" се синтетички јаглеводороди кои се произведени од биомаса;

6) „***трговец со задолжителна квота на биогориво***“ е трговец на горива кој пласира на пазарот определена минимална количина на фосилни горива годишно и е обврзан согласно овој закон да пласира на пазарот одредена количина на биогориво на годишно ниво,

7) „***квалификуван производител на биогорива***" е корисник на мерка за поддршка во вид на финансиски средства за поддршка на производство на биогориво утврдена со овој закон,

8) „***енергетска вредност***“ е долната калорична вредност на горивото *(алтернатива: најмалата или најголемата вредност на квалитативните својства на течните горива во согласност со прописот со кој се уредува квалитетот на течните горива и барањата од важечките стандарди за техничка спецификација на горивата)*;

9) „***потрошувач***" е субјект кој набавува биогориво за сопствена употреба;

10) „***гориво***" е транспортно гориво кое се користи за погон на моторни и шински возила во согласност со техничките прописи за квалитетот на течните горива;

11) ***„горива за транспорт“*** се горива наменети за употреба во транспортот како што се нафтени деривати, биогорива или мешавини од биогорива и нафтени деривати,

12) ***„фосилни горива“*** се јаглен, природен гас и нафта и нафтени производи кои се формирале од распаднати тела на животни и растенија кои умреле пред милиони години;

13) „***бруто финална потрошувачка на енергија***“ вкупната потрошувачка на енергија за енергетски цели од страна на сите потрошувачи (домаќинства, индустрија, земјоделство, транспорт, рибарство, услужни дејности и јавни услуги), и ја вклучува потрошувачката на електрична и топлинска енергија во енергетскиот сектор за производство на електрична и топлинска енергија, како и загубите во преносот и дистрибуцијата на електрична и топлинска енергија;

14) „***пласирање на пазарот***" е активност со која фосилните горива или чистите биогорива или намешувањата на фосилни горива со биогорива кои се користат за погон на моторни возила за прв пат стануваат достапни на пазарот во Република Северна Македонија;

15) „***производител на биогориво***" е лице кое произведува биогориво. Производител на биогориво кој го пласира своето производство на пазарот е трговец на биогориво;

16) „***обновливи извори на енергија за транспорт***" е енергија од биогорива, енергија на водород од обновливи извори за транспорт и електрична енергија од обновливи извори за транспорт;

17) „***мерки за поддршка за производство и потрошувачка на биогорива***" се сите инструменти кои ги применува Владата на Република Северна Македонија или друг надлежен јавен орган, единица на локалната самоуправа или јавна институција за поттикнување на производството и потрошувачката на биогорива за транспорт; и

18) „***трговец***" е лице кое купува чисти биогорива или намешувања на фосилни горива со биогорива заради нивна натамошна продажба.

**Видови биогорива**

**Член 4**

(1) За целите на овој закон, биогоривата според суровините од кои се добиваат се поделени на:

1) Биогорива од прва технолошка генерација, кои се добиваат од суровини како што се: шеќер, скроб, растителни масла, или животинска маст,

2) Биогорива од втора напредна технолошка генерација, кои се добиваат од суровини како што се: растенија кои не се користат за исхрана, слама од пченица, пченка, дрво, цврст отпад, енергетски растителни култури,

3) Биогорива од трета напредна технолошка генерација, кои се добиваат од алгите како суровина, и

4) Биогорива од четврта напредна технолошка генерација, кои се добиваат од растително масло.

(2) Министерот со листа ги определува видовите биогорива од секоја технолошка генерација.

## II УСЛОВИ ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА БИОГОРИВА НА ПАЗАРОТ

**Член 5**

Биогоривата може да се пласираат на пазарот на горива за транспорт од страна на трговците, како чисти биогорива или како компоненти за намешување во фосилни горива само доколку:

1) ги исполнуваат техничките карактеристики за квалитет на биогоривата, вклучително и минималниот процент на намешување во фосилните горива, утврдени со прописот за квалитетот на течните горива,

2) ги исполнуваат критериумите за одржливост утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон; и

3) се означени во согласност со прописот за квалитетот на течните горива.

# III. ПРОГРАМИ И ПЛАНОВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПЛАСИРАЊЕ И ПОТРОШУВАЧКА НА БИОГОРИВА

**Акциски план за биогорива во транспортот**

**Член 6**

(1) Заради поттикнување на производството и потрушувачката на биогоривата во транспортот, Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Влада), на предлог на Министерството за економија (во натамошниот текст: Министерство), донесува Акциски план за биогорива во транспортот за период од десет години.

(2) Акцискиот план за биогорива во транспортот треба да биде во согласност со националните стратешки документи како што се: Стратегијата за развој на енергетиката, Планот за енергија и клима, Националната стратегија за одржлив развој во Република Северна Македонија и Националната стратегија за земјоделство и рурален развој.

(3) Акцискиот план за биогорива во транспортот особено содржи:

1) преглед на транспортниот сектор во Република Северна Македонија во однос на: структурата на возила, цената на горива, количините и видовите на горива пласирани на пазарот и влијанието врз животната средина;

2) трендови и проекции на финалната потрошувачка на енергија во транспортниот сектор;

3) траекторија, односно дефинирани годишни цели за уделот на енергијата од сите типови биогорива во финалната потрошувачка на енергија во транспортот;

4) траекторијата по години на процентуално намалување на емисиите на стакленички гасови од течните горива од страна на трговците со нафта и нафтени деривати кои пласираат горива на пазарот во Република Северна Македонија, и

5) мерките за зголемување на производството и користењето на биогорива во транспортниот сектор, периодите и одговорните тела за нивна имплементација.

(4) Акцискиот план за биогорива во транспортот се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Министерството и се доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница во согласност со обврските на Република Северна Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.

**Национална цел**

**Член 7**

(1) Националната цел за пласирање на биогорива на пазарот е минималното вкупно учество на биогоривата во бруто финалната потрошувачка на енергија во транспортот во Република Северна Македонија, а се изразува како процент (во натамошниот текст: „национална цел“).

(2) Владата со одлуката за националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто-финалната потрошувачка на енергија и за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот ја утврдува националната цел.

(3) Министерот за економија донесува методологија за пресметување на исполнувањето на националната цел, која:

1) ја зема предвид само енергијата произведена од биогорива кои ги исполнуваат критериумите за одржливост утврдени во овој закон, независно од потеклото на суровините кои се користат за производство на биогорива;
2) ги зема предвид биогоривата произведени од отпад и остатоци, освен остатоците од земјоделството, аквакултурата, рибарството и шумарството, кои треба да ги исполнуваат само критериумите за намалување на емисиите на стакленички гасови во споредба со емисиите остварени со користење на фосилни горива;
3) биогоривата произведени од отпад, остатоци, непрехранбени целулозни материјали и лигноцелулозни материјали ги брои во двапати поголема вредност во споредба со биогоривата добиени од други суровини, додека електричната енергија од обновливи извори која се користи за електрични и хибридни патни возила ја брои во два и пол пати поголема вредност од реално потрошената енергија;
4) не ја зема предвид количината на фосилни горива пласирани на пазарот од страна на Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви, како дел од обврските за формирање задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во согласност со законот со кој се уредуваат задолжителни нафтени резерви; и
5) не ја зема предвид количината на фосилни горива пласирани на пазарот за да се задоволат потребите на македонските вооружени сили за одбрана или за други цели во согласност со обврските на Република Северна Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.

**Извештај за спроведување на Акциски план за биогорива**

**Член 8**

(1) Министерството изготвува годишен извештај за спроведувањето на Акцискиот план за биогорива во транспортот, кој го доставува за усвојување до Владата, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(2) Извештајот од став (1) на овој член особено содржи:

1) вкупните количини на гориво за транспорт, вклучително и чисти и намешани биогорива, кои се пласирани на пазарот за претходната година;
2) анализа на усогласеноста со целите поставени за претходната година, вклучувајќи го и исполнувањето на националната цел, а во случај на значителни отстапувања од планираните цели, предлог за измена на Акцискиот план за биогорива во транспортот;
3) преземените мерки за поттикнување на употребата на биогорива во транспортот со цел да се заменат фосилните горива; и
4) националните средства издвоени и искористени за мерките за поддршка за производство и потрошувачка на биогориво.

(3) Владата го доставува извештајот од став (1) на овој член до Секретаријатот на Енергетската заедница, во согласност со обврските на Република Северна Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.

**Програма за биогорива на град Скопје**

**Член 9**

(1) Во согласност со Акцискиот план за биогорива во транспорт, градот Скопје донесува програма за користење на биогорива во транспортот за период од три години, со која се воспоставува рамка на политиката за поттикнување на зголемувањето на потрошувачката на биогоривата во транспортот на територијата на градот Скопје (во понатамошниот текст: „Програма за биогорива на град Скопје").

(2) Програмата за биогорива на град Скопје од став (1) на овој член особено содржи:

1) преглед и проценка на состојбата и потребите на пазарот на горива во однос на потрошувачката на гориво за транспор за потребите на јавниот превоз на територијата на град Скопје и од страна на субјектите од јавниот сектор основани од град Скопје;

2) анализа на спроведените мерки и активности од претходната програма,

3) краткорочни (едногодишни) и среднорочни (тригодишни) цели;

4) мерки и активности за поддршка за зголемување на потрошувачката на биогорива во транспортот, и

5) рокови, потребни средства и одговорни субјекти за спроведување на одделните мерки и активности.

(3) Советот на град Скопје, на предлог на градоначалникот, ја донесува Програмата за биогорива на град Скопје до крајот на декември во годината која претходи на годината од која започнува примената на Програмата. Програмата се доставува до Министерството.

**Извештај за спроведување на Програмата за биогорива на град Скопје**

**Член 10**

(1) Советот на град Скопје, на предлог на градоначалникот, донесува годишен извештај за спроведување на Програмата за биогорива на град Скопје до 31 март во тековната година за претходната година.

(2) Извештајот од став (1) на овој член особено содржи:

1) анализа на исполнувањето на целите поставени за претходната година;

2) имплементираните активности и мерки за поддршка во извештајната година; и

3) во случај на големи отстапувања од планираните цели, предлог за измена на Програмата на биогорива на град Скопје.

**Програма на трговец со задолжителна квота на биогориво**

**Член 11**

(1) Во согласност со Акцискиот план за биогорива во транспортот, секој трговец со задолжителна квота на биогориво донесува и спроведува Програма на трговец со задолжителна квота на биогориво за период од три години.

(2) Програмата од став (1) на овој член особено содржи:

1) индикативната годишна количина по типови на фосилни горива што се планира за пласирање на пазарот;

2) индикативната годишна количина по видови биогорива што се планира за пласирање на пазарот; и

3) потеклото на секој вид биогориво што се планира за пласирање на пазарот.

(3) Трговецот со задолжителна квота на биогориво ја доставува Програмата од став (1) на овој член до Министерството, најдоцна до 30 ноември во годината која претходи на првата година за која се однесува програмата.

(4) Секоја година, врз основа на Програмата од став (1) на овој член и во согласност со прописот со кој се уредуваат енергетските биланси и енергетската статистика, трговецот со задолжителна квота на биогориво до Министерството доставува податоци за годишната количина по видови биогорива што планира да ги пласира на пазарот за наредната година.

**Надлежност на Министерството за економија**

**Член 12**

Во подготовката и спроведувањето на политиката за поттикнување на производството и потрошувачката на биогорива во транспортот, Министерството:

1) ја спроведува политиката на Владата во врска со поттикнувањето на производството и потрошувачката на биогоривата во транспортот,

2) го подготвува Акцискиот план за биогорива во транспортот;

3) ги следи производството и потрошувачката на биогорива и ги оценува ефектите од спроведувањето на мерките за поддршка на производството и потрошувачката на биогорива во транспортот;

4) го подготвува извештајот за спроведување на Акцискиот план за биогорива во транспортот;

5) соработува со другите надлежни државни органи, единиците на локална самоуправа и јавните институции во спроведувањето на политиката на Владата за обезбедување поддршка за производството и потрошувачката на биогорива за транспорт;

6) подготвува извештаи за напредокот и други извештаи за поттикнување на производството и потрошувачката на биогорива во транспортот во согласност со обврските на Република Северна Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори;

7) во соработка со министерството надлежно за прашања од областа на животната средина, министерството надлежно за прашања од областа на земјоделството и други надлежни органи, иницира и спроведува информативни кампањи за подигање на јавната свест за користењето на биогорива во транспортот, и

8) врши други работи утврдени во овој закон.

## IV. МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПОТРОШУВАЧКА НА БИОГОРИВА

**Видови мерки за поддршка на биогоривата и начин на финансирање**
**Член 13**

(1) Производството и потрошувачката на биогорива може да биде поддржано со мерки утврдени во овој закон или друг пропис ако ги исполнуваат утврдените критериуми за одржливост утврдени со овој закон.

(2) Како мерки за поддршка на производството и потрошувачката на биогоривата се сметаат:

1) Субвенции за одгледување суровини за производство на биогорива,

2) Финансиски средства за поддршка на производството на биогорива, и

3) Субвенции за потрошувачка на биогорива.

(3) Субвенциите како мерка за поддршка се доделуваат врз основа на соодветна програма за субвенционирање која ја донесува надлежното министерство.

(4) Мерките за поддршка од став (2) на овој член се донесуваат по претходно донесено решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата со кое се одобрува шемата на државна помош.

(5) Финансирањето на мерките за поддршка на производството и потрошувачката на биогорива се обезбедуваат преку:

1) надоместок за поддршка на производството на биогорива,

2) надоместок за непласирање на биогорива на пазарот, и/или

3) други извори на финансирање.

**Критериуми за одржливост**
**Член 14**

(1) Критериумите за одржливост вклучуваат обврски за:

1) заштита на земјиштето заради зачувување на биолошката разновидност;

2) заштита на земјиштето со високи залихи на јаглерод;

3) заштита на тресетишта (блата);

4) одржливо управување со одгледувањето на земјоделски култури кои се користат како суровини за производство на биогорива; и

5) намалувањето на емисиите на стакленички гасови со користењето на биогорива во споредба со емисиите на стакленички гасови кои се создаваат со користењето на фосилни горива.

(2) Биогоривата произведени од отпад и остатоци, освен остатоците од земјоделството, аквакултурата, рибарството и шумарството, треба да ги исполнуваат само критериумите за намалување на емисиите на стакленички гасови во споредба со емисиите остварени со користење на фосилни горива.

(3) Исполнувањето на критериумите за одржливост се проверува од страна на независен верификатор преку систем (постапка) за верификација, чијашто примена квалификуваниот производител е должен да ја обезбеди.

(4) Владата, на предлог на министерството, во соработка со министерството надлежно за животната средина и министерството надлежно за земјоделството и шумарството, донесува

уредба за критериумите за одржливост за производство на биогорива со која поблиску ги пропишува:

1) видовите и содржината на критериумите за одржливост на производството на биогорива;
2) методологијата за примена на критериумите за одржливост за производство на биогорива;
3) методологијата за пресметување на емисиите на стакленички гасови со користењето на биогорива во споредба со емисиите на стакленички гасови кои се создаваат со користењето на фосилни горива; и
4) условите, организацијата и временската рамка за примена на критериумите за одржливост за производство на биогорива, и
5) системот (постапката) за верификација на исполнувањето на критериумите за одржливост, вклучително и обврските на квалификуваните производители во спроведување на системот за верификација и правата на независните верификатори.

**Финансиски средства за поддршка на производство на биогорива**
**Член 15**

(1) На квалификуван производител на биогориво му се исплаќаат финансиски средства за поддршка на производство на биогорива под услов биогоривото што го произведува да ги исполнува критериумите за одржливост утврдени во овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон и да го продава на трговци регистрирани во Република Северна Македонија.

(2) Висината на финансиските средства за поддршка на производство на биогорива се пресметува како разлика помеѓу цената на биогоривото што го произведува квалификуваниот производител на референтниот меѓународен пазар и највисоката набавна цена на соодветното фосилно гориво на домашниот пазар определена согласно методологијата за формирање на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горивата за транспорт на Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Елементите кои се земаат предвид при пресметката на висината на финансиските средства за поддршка на производството на биогорива и начинот на пресметка се утврдуваат со методологијата содржана во прописот од член 19 од овој закон.

(4) До крајот на тековната година, врз основа на податоците од квалификуваните производители доставени за потребите на енергетскиот биланс, Владата, на предлог на Министерството, со одлука го утврдува вкупниот годишен износ на финансиски средства за поддршка на производство на одредени видови биогорива за наредната година кои се изразуваат во денари по литар.

(5) Министерството:

1) го води регистарот на квалификувани производители на биогориво;
2) врз основа на методологијата за пресметување на годишниот износ на средствата за поддршка на производството, го пресметува годишниот износ;
3) ја води постапката за исплата на средства за поддршка на квалификуваните производители на биогориво;

4) ја одобрува и врши исплатата на средствата за поддршка на секој квалификуван производител на биогориво;
5) во случај на непочитување на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, наредува враќање на средствата за поддршка исплатени на производител на биогориво; и
6) води евиденција за исплатените средства за поддршка на производство на биогориво.

**Максимала количина биогорива квалификувана за финансиски средства за поддршка**
**Член 16**

(1) Максималната количина на биогориво квалификувана за исплата на финансиски средства за поддршка на производство на биогорива изразена во тераџули (TJ) е максималната годишна количина која била планирана на производство на конкретниот вид на биогориво, но не повеќе од националната цел во засегнатата производна година.

(2) Индикативната траекторија на количината на биогорива за кои може да се доделат финансиски средства за поддршка се предвидуваат со Акцискиот план за биогорива во транспортот.

(3) Ако од страна на квалификуваните производители до министерството се поднесени барања за исплата на финансиски средства на биогорива за производство кое во календарската година ја надминува националната цел за таа година, исплатата ќе се врши по следниот редослед:

1) исплатата на произведеното биогориво од понова технолошка генерација има предност во однос на произведеното биогориво од постара технолошка генерација, и

2) сите квалификувани производители ќе бидат исплатени во сооднос кој одговара на поединечниот удел на секој квалификуван производител во вкупното остварено производство.

**Постапка за исплата на финансиски средства за поддршка**
**Член 17**

(1) Квалификуваниот производител на биогорива до Министерството поднесува барање за исплата на финансиски средства за поддршка на производството на биогорива со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги кон кое приложува документација за исполнување на условите.

(2) Ако врз основа на извршената проверка на доставените барање и документација од став (1) на овој член се утврди дека барателот ги исполнува условите, Министерството го одобрува барањето и ја врши исплатата на финансиски средства за поддршка на производството на биогорива.

(3) Производителот на биогориво кој започнал со производство на биогориво во тековната година ќе се стекне со статус квалификуван производител на кој може да му се исплатат финансиски средства за поддршка во тековната година ако биогоривото го испорачал на пазарот во Република Северна Македонија.

(4) Квалификуваниот производител на биогориво должен е да ги врати во целост или делумно финансиските средства за поддршка што му биле исплатени во случај кога:

1) е направена административна грешка при проверката на барањето и документацијата на квалификуваниот производител на биогориво за исплата на финансиските средства за поддршка или при реализирање на исплатата; или

2) квалификуваниот производител на биогориво примил средства за поддршка на начин спротивен на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

(5) Вратените средства за поддршка од став (4) на овој член се депонираат на посебната трезорска сметка на Министерството.

(6) Квалификуваниот производител на биогориво ги чува документите врз основа на кои му биле одобрени и исплатени финансиските средства за поддршка на производството на биогориво во период од четири години од денот кога била направена конкретната исплата на финансиски средства за поддршка.

**Уредба за финансиски средства за поддршка на производството на биогорива**
**Член 18**

Владата, на предлог на Министерството, донесува Уредба за финансиските средства за поддршка на производството на биогорива за транспорт, со која поблиску се уредуваат:

1) видовите биогорива за чиешто производство се исплаќаат финансиските средства за поддршка на квалификуваните производители;

2) методологијата за пресметување на вкупниот годишен износ на финансиски средства за поддршка на производството за секој одделен вид на биогориво кои се изразуваат во денари по литар;

3) елементите кои се земаат предвид при пресметката на висината на финансиските средства за поддршка на производство на биогорива;

4) определување на референтниот меѓународен пазар на биогорива;

5) методологијата за пресметување на годишниот износ на надоместокот за поддршка на производството на биогорива кој се изразува во денари по литар;

6) формата и содржината на барањето за доделување финансиски средства за поддршка на производство од страна на квалификуван производител на биогориво;

7) документите потребни за докажување на исполнување на условите од страна на барателот за добивање на финансиски средства за поддршка;

8) примената на редоследот на исплата на финансиските средства за поддршка на производство на биогорива во случај на пријавено поголемо производство во однос на националната цел за таа година,

9) постапката за враќање на доделените финансиски средства за поддршка во случај на непочитување на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон од страна на квалификуваните производители на биогориво; и

10) формата, содржината и начинот на водење на регистарот на квалификувани производители на биогориво.

# V. ПЛАСИРАЊЕ НА БИОГОРИВА НА ПАЗАРОТ

**Обврска за пласирање на биогорива на пазарот**
**Член 19**

(1) Трговецот со задолжителна квота на биогориво е должен во една календарска година да пласира на пазарот количина на биогорива чијшто процентуален удел во вкупната количина на горива што ја пласира на пазарот во таа година соодветствува на националната цел утврдена за таа година.

(2) Обврската од став (1) на овој член, трговецот со задолжителна квота на биогориво може да ја исполни со пласирање на пазарот на биогорива намешани со фосилни горива утврдени во член 4 од овој закон или на чисто биогориво, во согласност со критериумите за одржливост утврдени во овој закон и подзаконскиот акт донесен врз основа на овој закон и барањата за квалитет на горива утврдени во прописот за квалитетот на течните горива.

(3) Обврската од став (1) на овој член, трговецот со задолжителна квота на биогориво може да ја исполни преку трета страна врз основа на писмен договор, кој особено содржи:

1) податоци за видот и количината на биогорива кои третата страна се обврзува да ги пласира на пазарот;
2) начинот на кој третата страна ќе ги пласира на пазарот видовите и количината биогорива утврдени во договорот;
3) периодот во кој обврската треба да биде исполнета од засегнатата трета страна; и
4) времетраењето на договорот.

(4) Трговецот со задолжителна квота на биогориво е должен до Министерството да достави еден примерок од договорот од став (3) на овој член.

(5) Минималната годишна количина на фосилни горива пласирани на пазарот врз основа на која се утврдува статусот на трговец со задолжителна квота на биогориво се утврдува во уредбата од член 24 на овој закон.

(6) Трговците со задолжителна квота на биогориво и квалификуваните производители на биогориво преземаат мерки за поттикнување на користењето на биогорива во транспортот, како што се објавување информации во врска со достапноста и корисноста на биогоривата за транспорт на нивните веб-страници, а периодично (*алтернатива: најмалку еднаш квартално*) и преку печатените и електронски медиуми.

(7) Министерството му издава регистарски број на секој трговец со задолжителна квота на биогориво на неговиот кориснички профил на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од трговецот и води регистар на трговци со задолжителна квота на биогориво.

(8) Министерот ја пропишува формата, содржината и начинот на водење регистарот од став (6) на овој член.

**Евиденција за пласман на биогорива на пазарот**
**Член 20**

(1) Трговецот со задолжителна квота на биогориво води евиденција за видот и количината на биогорива што ги пласира на пазарот.

(2) Во случај кога трговецот со задолжителна квота на биогориво ја пренел обврската за пласирање на биогорива на пазарот на трета страна, евиденцијата од став (1) на овој член ја води засегнатата трета страна.

**Извештај на трговецот со задолжителна квота на биогориво**
**Член 21**

(1) Трговецот со задолжителна квота на биогориво е должен да изготвува годишен извештај за спроведувањето на програмата на трговецот со задолжителна квота на биогориво за претходната година.

(2) Извештајот од став (1) на овој член содржи:

1) податоци и анализа на исполнувањето на обврската за пласирање на биогорива на пазарот во претходната година,

2) ако е применливо, наведување на разликата помеѓу фактички пласираната количина на пазарот и количината којашто трговецот со задолжителна квота на биогориво требал да ја пласира на пазарот во извештајната година,

3) ако е применливо, количината пласирана на пазарот од трета страна на која трговецот со задолжителна квота на биогориво ја пренел обврската за пласирање на биогорива на пазарот, и

4) планираните мерки за исполнувањето на обврската за пласирање на биогорива на пазарот во тековната година.

(3) Трговецот со задолжителна квота на биогориво го доставува извештајот од став (1) на овој член до Министерството најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

**Потврда за усогласеност**
**Член 22**

Ако врз основа на извештајот од член 22 од овој закон се утврди дека трговецот со задолжителна квота на биогориво ја исполнил својата обврска за пласирање на биогорива на пазарот за претходната година, Министерството најдоцна до 31 март во тековната година му издава потврда за усогласеност на засегнатиот трговец со задолжителна квота на биогориво на неговиот кориснички профил на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од трговецот.

**Надоместок за непласирање на биогорива на пазарот**
**Член 23**

(1) Ако во текот на претходната година трговецот со задолжителна квота на биогориво не успеал да ја пласира на пазарот обврзаната количина на биогорива, должен е да плати надоместок за непласирање на биогорива на пазарот во согласност со принципот „загадувачот плаќа".

(2) Надоместокот од став (1) претставува паричен износ по литар гориво кое трговецот со задолжителна квота на биогориво не успеал да го пласира на пазарот.

(3) Владата, на предлог на Министерството, донесува Уредба за утврдување на трговец со задолжителна квота на биогорива и надоместок за непласирање на обрзаната количина на биогорива на пазарот во која се утврдува методологијата за пресметка на надоместокот за непласирање на биогорива на пазарот.

(4) Врз основа на методологијата за пресметка на надоместокот за непласирање на биогорива на пазарот, Министерството со решение го утврдува точниот износ на надоместокот, кој трговецот со задолжителна квота на биогориво кој не успеал да ги пласира на пазарот обврзаните количини на биогорива во претходната година е должен да го плати.

(5) Трговецот со задолжителна квота на биогориво кој не успеал да ги пласира на пазарот обврзаните количини на биогорива има право да поведе управен спор против решението од став 4 на овој член со кое се утврдува точниот износ на надоместокот во рок од 30 дена од денот на прием на решението.

(6) Ако третата страна на која трговецот со задолжителна квота на биогориво и ја пренел обврската за пласман на биогорива на пазарот, не ја исполнил обврската, Министерството му изрекува обврска за плаќање на надоместокот од став (1) на овој член на засегнатиот трговец со задолжителна квота на биогориво, кој има право да го наплати од третата страна согласно договорот од член 20 став (3) од овој закон.

(7) Министерството го издава решението од став (4) на овој член најдоцна до 30 април во тековната година на кориснички профил на трговецот со задолжителна квота на биогориво на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од трговецот со задолжителна квота на биогориво. Трговецот со задолжителна квота на биогориво е должен да го уплати надоместокот во рок од 90 дена од приемот на решението.

## VI. ОБВРСКИ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА БИОГОРИВО

### Обврски на потрошувачите на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор

### Член 24

(1) Потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор е должен да обезбеди дека учеството на биогоривата од член 4 на овој закон во вкупната набавена количина на горива за транспорт во текот на календарска година ќе изнесува:

1) 5% во 2023 година

2) 10% во 2024 година

3) 15% во 2025 година

4) 20% во 2026 година

5) 25% во 2027 година

6) 30% во 2028 година

7) 35% во 2029 година
8) 40% во 2030 година.

(2) Обврската од став (1) на овој член не се однесува на потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор чијашто вкупна набавена количина на горива за транспорт во текот на претходната календарска година не надминува 5.000 литри.

(3) Трговецот на биогорива на пазарот осигурува дека потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор може да набави биогориво намешано со дизел гориво или моторен бензин или биодизел на бензинска станица на автопат, магистрален пат, регионален пат и локалниот пат во градското подрачје.

(4) На барање од потрошувач на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор, трговецот на биогориво на пазарот е должен да го снабди потрошувачот со биогорива намешани со фосилни горива со учество повисоко од стандардното или во форма на чисти биогорива, на место кое е определено од корисникот, под услов потрошувачот да има обезбедено на местото на испорака соодветна опрема како што е цистерна или резервоар за претовар на горивото во согласност со техничките прописи за опрема под притисок.

**Евиденција и извештаи за потрошувачи на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор**

**Член 25**

(1) Исполнувањето на обврската за употреба на биогорива од член 25 став (1) на овој закон се докажува врз основа на евиденцијата којашто потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор е должен да ја води во согласност со правилникот од став (5) на овој член.

(2) Потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор е должен да поднесе пријава за упис во регистарот на потрошувачи на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор во согласност со правилникот од став (5) на овој член.

(3) Министерството воспоставува и води регистар на потрошувачи на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор, врз основа на кој му издава регистарски број на секој потрошувач на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор на неговиот кориснички профил на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од потрошувачот.

(4) Врз основа на евиденцијата од став (1) на овој член, потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор доставува податоци за вкупната набавена количина на горива и биогорива за транспорт во претходната година до Министерството најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

(5) Министерот донесува правилник за следење на потрошувачката на биогорива во јавниот превоз и јавниот сектор во кој ги пропишува:

1) Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од страна на потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор,
2) Формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата за упис во регистарот на потрошувачи на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор,

3) Формата, содржината и начинот на водење на регистар на потрошувачи на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор, и

4) Формата, содржината и начинот на поднесување на податоците за вкупната набавена количина на горива и биогорива за транспорт.

# VII. НАДЗОР

**Член 26**

(1) Министерството врши надзор над спроведувањето на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

(2) Инспекциски надзор врз спроведувањето на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон врши Државниот пазарен инспекторат.

(3) При вршењето на инспекцискиот надзор, Државниот пазарен инспекторат постапува во согласност со Законот за инспекциски надзор и Законот за државен пазарен инспекторат.

# VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

(1) Поведување на прекршочна постапка за прекршоци утврдени во овој закон можат да побараат органите кои со овој закон се задолжени да вршат надзор.

(2) За прекршоците од членовите _______ од овој закон надлежните органи од ставот (1) на овој член, поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(3) На постапките од став (1) од овој член се применуваат соодветно одредбите од Законот за прекршоците.

(4) Министерството ја води прекршочната постапка и изрекува прекршочни санкции за прекршоците од членовите _____ од овој закон.

(5) За водење на прекршочната постапка и изрекување на прекршочна санкција за прекршоците, за кои е предвидена глоба во износ до ___ евра во денарска противвредност евра за правно лице, ___ евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и ___ евра во денарска противвредност за физичко лице, министерот со решение формира комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија), составена од три члена од редот на лицата вработени во министерството, и тоа:

1) еден член дипломиран правник, со положен правосуден испит и со пет години работно искуство во својата област, којшто е претседател на Прекршочната комисија,

2) еден член со висока стручна подготовка од областа на техничките науки со пет години работно искуство во својата област, и

3) еден член со висока стручна подготовка од областа на економските науки со пет години работно искуство во својата област.

(6) Прекршочната комисија се избира за период од три години со право на повторен избор на членовите.

(7) Министерот на предлог на претседателот на Прекршочната комисија може да донесе решение за разрешување на член на Прекршочната комисија во следниве случаи:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член,

2) по негово барање,

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон,

4) ако му се утврди трајна неспособност за учество во работата на Прекршочната комисија,

5) ако со правосилна судска одлука се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка,

6) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија, и

7) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(8) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа кој го одобрува министерот.

(9) Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(10) Членовите на Прекршочната комисија одлучуваат самостојно и независно врз основа на закон и според своето стручно знаење и сопствено убедување.

(11) Против решенијата на Прекршочната комисија може да се изјави правно средство до надлежен орган согласно Законот за прекршоците.

**Член 28**

(1) На квалификуван производител на биогорива ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 до 1000 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 500 евра до 1.500 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 1.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како голем трговец, доколку:

1) не обезбеди примена на системот за верификација на исполнување на критериумите за одржливост (член 14, став (3)),

2) не ги чува документите врз основа на кои му биле одобрени и исплатени финансиските средства за поддршка на производството на биогориво во период од четири години (член 18 став (1)), и

3) не презема мерки за поттикнување на користењето на биогорива во транспортот (член 20 став (5)).

(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) на овој член на одговорното лице во друштвото кое е квалификуван производител на биогорива.

**Член 29**

(1) На трговец со задолжителна квота на биогорива ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 до 1000 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано

како мал трговец, глоба во износ од 500 евра до 1.500 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 1.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како голем трговец, доколку:

1) на ја достави програмата до Министерството во пропишаниот рок (член 11 став (3)).

2) не ги достави податоците за годишната количина по видови биогорива што планира да ги пласира на пазарот за наредната година до Министерството (член 11 став (4))

3) не пласира на пазарот количина на биогорива чијшто процентуален удел во вкупната количина на горива што ја пласира на пазарот во таа година соодветствува на националната цел утврдена за таа година (член 20 став (1)),

4) до Министерството не достави еден примерок од договорот со трета страна (член 20 став (4)),

5) не презема мерки за поттикнување на користењето на биогорива во транспортот (член 20 став (5)),

6) не води евиденција за видот и количината на биогорива што ги пласира на пазарот (член 21 став (1)), и

7) не го достави годишниот извештај за спроведувањето на програмата до Министерството во пропишаниот рок (член 22 став (3)).

(2) На трговец на биогорива ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како микро трговец, глоба во износ од 300 до 1000 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 500 евра до 1.500 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како среден трговец и глоба во износ од 1.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ако е друштво класифицирано како голем трговец, доколку:

1) Не му обезбеди потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор да набави биогориво на бензинска станица на автопат, магистрален пат, регионален пат и локалниот пат во градското подрачје (член 25 став (3)), и

2) На барање од потрошувач на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор, не го снабди потрошувачот со биогорива намешани со фосилни горива со учество повисоко од стандардното или во форма на чисти биогорива, на место кое е определено од корисникот (член 25 став (4)).

(3) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од став (1), (2) и (3) на овој член на одговорното лице во друштвото кое е трговец со задолжителна квота на биогорива, трговец на биогорива или трговец со нафта и нафтени деривати кој е акцизен обврзник .

**Член 30**

(1) На потрошувачот на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор ќе му се изрече глоба за прекрошок во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ако е правно лице кое е или може да се класифицира како микро трговец, глоба во износ од 300 до 1000 евра во денарска противвредност ако е правно лице кое е или може класифицирано како мал трговец, глоба во износ од 500 евра до 1.500 евра во денарска противвредност ако е правно лице кое е

или може да се класифицира како среден трговец и глоба во износ од 1.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ако е правно лице кое е или може да се класифицира како голем трговец, доколку:

1) не обезбеди дека учеството на биогоривата во вкупната набавена количина на горива за транспорт во текот на календарска година е во процентите наведени во член 25 став (1),
2) не води евиденција за набавена количина на горива (член 26 став (1)),
3) не поднесе пријава за упис во регистарот на потрошувачи на гориво во јавниот превоз и јавниот сектор (член 26 став (2)), и
4) не доставува податоци за вкупната набавена количина на горива и биогорива за транспорт до Министерството во пропишаниот рок (член 26 став (4)).

(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од став (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

# IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Донесување на подзаконски акти**

**Член 31**

(1) Владата ги донесува Акцискиот план за биогорива и подзаконските акти од членовите 14, 18 и 23 од овој закон во рок од 12 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
(2) Министерот ги донесува подзаконските акти од членовите 4, 7, 19 и 25 на овој закон во рок од 12 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
(3) Министерот ја формира Прекршочна комисија од член 27 на овој закон во рок од 15 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
(4) Градот Скопје ќе ја донесе Програмата за биогорива на град Скопје во рок од три месеци од денот на објавувањето на Акцискиот план за биогорива во транспортот.

**Обврски за усогласување**

**Член 32**

(1) Обврската за трговците со задолжителна квота на биогорива од член 20 став (1) ќе започне да се применуваат од 1 јануари 2023 година.
(2) Обврската од член 25 став (3) на овој закон ќе започне да се применува на бензинските станици кои пред влегувањето во сила на овој закон се изградени или за кои е издадено правосилно одобрение за градење во согласност со прописите од областа на градењето од 1 јули 2023 година.

**Завршна одредба**

**Член 33**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јули 2022 година.